# СТОЈАН
# ТРУМИЋ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА

# СТОЈАН ТРУМИЌ

сликар од панчево

27 - X — 10 - XI - 1979 година



СТОЈАН ТРУМИЌ

Роден 1912 во Титела, завршил уметничка школа — наставнички и академски смер. Професори му биле; Бета Вукановиќ, Љубомир Ивановиќ и Никола Бешевиќ. Првпат групно излага 1938 година. Член на УЛУС од 1939 година. Пред почетокот на војната бил член на сликарската група „ДЕСЕТОРИЦА“. После војната станува член на групата „ПАНЧЕВО 5“. 1945 ја организира својата прва самостојна изложба. Член е на International arts guild во Монте Карло, Centro studio scambi i akademie „Leonardo de vinci“ во Рим, L association nationale des lettres, des arts st de la mussque u Vicnyu во Франција „Академијата“ „Tomaseo campanela“ во Рим, Haute akademie litteraire et artisticque de France“, во Париз. Пишува ликовни критики и есеи за летопис на МАТИЦА СРПСКА, СТРАЖИЛОВО, ИЗРАЗ, ДНЕВНИК, ПАНЧЕВАЦ и др.

НАГРАДИ

1962 Панчево; Награда за ослободување на Панчево за достигнувањата во областа во културата. 1964 Нови Сад: Награда на „ФОРУМ“ за сликарство. 1969 МОНТЕ КАРЛО: СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА на меѓународното жири на изложбата „Palme D'or Des Beaux-arts“; 1970 БЕЛГИЈА; почасна диплома на изложбата: „Grand salon international de vinci“; Рим: Златна и бронзана медаља на академијата „Leonardo De Vinci“ ФРАНЦУСКА, Biarrtiz: почесна диплома на изложбата „International“; 1972 Deauville: почасна диплома на изложбата „International penture deaville“; 1973 ФИРЕНЦА: Диплома на изложбата „Vitrine de lart international“; Златна жижа на народниот музеј во ПАНЧЕВО; почесна диплома на изложбата „Iseete coli di Roma“ во организација на центарот за уметници — сликари на француска: 1974 почесна диплома на изложбата „Vetrina dell arte internationale; mosters of mopern art“ во ФИРЕНЦА; 1977. РИМ на изложбата „XXX Rassegna internacionale“ 1978 златна медаља за активност на уметничко поле на академијата „ИТАЛИЈА“. Носител е на орден на трудот од III ред 1955 и орден заслуги за народ сосребрени знаци 1973.

Ареса: Перо Сегадинец 21
2 600 ПАНЧЕВО

Стојан Трумиќ, сликар есеиста и педагог се вклучи во јавниот живот 1938 година на XI-та изложба на Белградските уметници. Припаѓал на групата „ДЕСЕТОРИЦА“ која донесувала нови прогресивни идеи во Југословенското сликарство меѓу двете војни.

Трумиќ од својот почеток се определил за фигуративното сликарство, и таа негова мотивска индентификација е рамноправен елемент во неговто творештво. Иако како личност е многу систематичен и одреден, тој во еден дах непосредно го пренесува мотивот со сите негови сокови на свежината. Врзан со корени за тлото од кое израснал, како и за едноставните луѓе, чија психа и карактер така добро ги познава и кои му се блиски, ги овековечил на своите платна. САЛАШИ, ГЕРМОВИ, ЧОРОВИ, ВЕТЕРЊАЧИ, ОВЧАРИ И ГАЈДАШИ тоа му се мотиви што ја ангажираат сликарската душа на ТРУМИЌ, каде тој многу педнатно бележи детаљи и многу постапно го пренесува мотивот. Ова е еден мал исечок од тоа Трумиќево создавање, сликар кој останал верен на себеси, кој никогаш себе не си се изневерил ниту пак своето уметничко кредо.

Трумиќ е многу плоден сликар приредил досега 25 самостојни и учесник е на над 200 групни изложби, тој е многу истакнат друштвено-политички работник и педагог, и секогаш успеал да пренесе она што е најубаво во него. Како ликовни педагог се посветил на подигања на млади таленти кои ги бодрел и помагал, така да недеска има околу 20 ликовни уметници чиј први учител бил Стојан Трумиќ. И денеска Трумиќ собира млади работници од панчевачката индустрија и со најголема љубов го пренесува своето знаење и искуство.

Во културно просветна заедница во Панчево работи од нејзиното основање по до ден денес, како аниматор на културата, организира изложби и често со својот авторитет доведува најпознати југословенски уметници, да на Панчево ги приближи современите ликовни движења.

Стојан Трумиќ негова и аналитичка хроничарска ликовна критика и значајни му се есеите за сликарството на Миливој Николајевиќ и ЈОЖЕФА АЧА.

Учесник е во работата на поголем број Југословески колонии од 1953 година и гостин на иностранi сликарски колонии, а од 1973 год., ја води сликарската колонија „ДЕЛИБЛАТСКИ ПЕСОК“.

Таа негова неисцрпна снага, неговото обимно сликарско дело го вбројува во редот на познатите сликари не само во Југославија туку и надвор од границите и му донело многу признанија и награди.





# КАТАЛОГ

1. ОДМОР НА БАРАНАЈАНСКИОТ ОВЧАР, 1961 масло 106 x 55
2. ГАЈДАШ СВЕТОЗАР, 1962, масло 104,5 x 53,
3. ВЕТЕРЊАЧАР, 1965, масло 98,5 x 63,5
4. СВЕТОЗАР ЃУРИЃ ГАЈДАШ, 1966, масло 98,5 x 63,5
5. ДУШАН ВО СИН ЦЕМПЕР, 1966, масло 66 x 57
6. ОВЧАР ДУШАН ПОПОВ, 1967, масло 65 x 57,5
7. БАНАТСКИ ОВЧАР, 1968, масло 92 x 65,5
8. ПАТ ПРЕМА ВЕТЕРЊАЧА ВО БАЧКА ТОПОЛА, 1968, масло 53 x 102
9. ГЛАВНА УЛИЦА ВО БУЈАНОВЦИ, 1970, масло 31,5 x 106
10. СТАРЧЕВО, 1970, пастел 35,5 x 105
11. ДРВОРЕД ОД ЦРНИЦИ, 1971, пастел 42,5 x 103
12. СВЕТОЗАР ЃУРИЃ ОД ДОЛОВ, 1971, масло 102 x 75
13. ПАНЧЕВАЧКИ ОВЧАР, 1972, масло 57,5 x 51
14. ПАТ ПРЕМА ДОЛОВ, 1973, масло 59 x 59
15. БАРАНДА ПОСЛЕ ЗИМА, 1975, масло 29 x 97
16. ПЕШЧАРА БЕЗ СНЕГ, 1975, масло 28 x 93,5
17. ПЧЕНКИ ПОКРАЈ ПРИБИНА ГЛАВА, 1976, масло 54 x 97
18. ЦРНА ОРАНИЦА И БУНАР, 1976, масло 71 x 114
19. ЗЕБЕЧЕВ РЕД ВО СЕФКЕТИНА, 1976, масло 23 x 103
20. НЕВРЕМЕ НАД ВРАЊСКИ ПОТОК, 1977, масло 54 x 125
21. ШУМАРЕВО ГУМНО, 1977, масло 21 x 77
22. ПАТИШТА И ПОЛЕ, 1977, масло 21 x 77
23. ГРОМ И ЦРНИЦА, 1978, масло 54,5 x 65
24. БАЧКА ТОПОЛА СО ВЕТЕРЊАЧА, 1978, масло 54 x 125

ОРГАНИЗАТОР НА КАТАЛОГ — УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА КУМАНОВО,

Тираж 300 к. печатница „Просвета“ — Куманово